Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година (бр. 09 – 3711/79 од 03.12.2021).

**Член 2**

Во поглавјето **7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**, се предвидуваат дополнителни 120.000 денари со што вкупниот износ за финансирање на оваа програма изнесува 720.000 денари.

**Член 3**

Во останатиот дел програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година останува непроменета.

**Член 4**

Оваа Програма станува составен дел на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година (бр. 09 – 3711/79 од 03.12.2021).

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4665/51**
**07.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**